ПОСТАПКА, УСЛОВИ И НАЧИН ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ИЛИ ФИЗИЧКО ЛИЦЕ ЗА СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТ, СКЛАДИРАЊЕ И/ИЛИ ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ОТПАДНИ ГУМИ – 2026

За потребите на **Гуматек ДОО Скопје** (ЕМБС: 7667329, ЕДБ: 4058023544892), се објавува јавен повик за избор на правни и физички лица кои располагаат со соодветни дозволи и капацитети за вршење на активности поврзани со управување со отпадни гуми.

Повикот се однесува на:

- собирање
- транспорт
- привремено складирање
- третман, преработка и рециклирање
- обезбедување соодветна инфраструктура

Со избраните субјекти ќе се склучи Договор за соработка и соодветни деловно-технички договори.

Правна рамка

Изборот ќе се врши во согласност со:

- Законот за проширена одговорност на производителот за управување со посебните текови на отпад („Сл. весник на РСМ“ бр. 215/2021)
- Законот за управување со дополнителни текови на отпад („Сл. весник на РСМ“ бр. 215/2021)
- останатата релевантна законска и подзаконска регулатива

Постапка на избор

Согласно член 29 од наведените закони, повикот е отворен преку целата календарска година, сè до исполнување на целите на Гуматек ДОО како постапувач со отпадни гуми. Секој заинтересиран субјект може да се приклучи во кој било момент, под услов да ги исполни минималните услови и количински обврски утврдени од Гуматек ДОО.

Процедурата е јавна, транспарентна и заснована на фер и конкурентски принципи. Понудите се разгледуваат периодично, а договорите се склучуваат најмалку за една фискална година.

Услови за учество

Право на учество имаат субјекти кои:

1. Поседуваат важечки дозволи за собирање, транспорт, складирање, третман и/или рециклирање на отпад согласно важечките прописи.
2. Обезбедуваат соодветни технички, кадровски и оперативни капацитети.
3. Гарантираат законска следливост и уредна евиденција на отпадот.

Во договорите ќе бидат дефинирани:

- видот и категоријата на отпад
- минималните количини
- правата и обврските на договорните страни

Доколку субјектот врши само дел од активностите (на пример, транспорт), должен е отпадот да го предаде на овластен правен субјект со соодветна дозвола и за тоа навремено да го извести Гуматек ДОО, со доставување на комплетна документација.

Не е дозволено двојно евидентирање на исти количини отпад.

Начин на постапување со отпадот

Секоја пратка на отпадни гуми мора да биде проследена со:

- Идентификационен формулар
- Транспортен формулар
- Извозна декларација (доколку е применливо)

Правното лице кое врши преработка или рециклирање – самостојно или преку извоз – има обврска претходно писмено да го извести Гуматек ДОО и да достави документација за количините и крајната дестинација.

Поднесување на понуди

Понудите можат да се достават:

По пошта или лично:
Гуматек ДОО Скопје
Булевар Србија бр. 10, Скопје

Електронски:
gumatekinfo@gmail.com

Секоја понуда задолжително треба да содржи:

- Копија од важечка дозвола издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање
- Основни податоци за понудувачот
- Опис на расположлива опрема и капацитети

Некомплетните апликации нема да бидат разгледувани.

Обврски и надзор

Избраните соработници се должни:

- Да водат точна и ажурирана евиденција
- Да доставуваат годишен извештај најдоцна до 31 јануари за претходната календарска година
- Да овозможат контроли и проверки согласно закон

Сите активности подлежат на надзор согласно важечката законска регулатива во областа на управување со отпад.

Гуматек ДОО Скопје
Овластено лице